# Македонски центар за меѓународна соработка

**Обраќање за отворање**

**на**

**Вториот НВО Саем - Форум на граѓанското општество во Македонија**

**Скопје, 29 октомври 1 ноември 2002 г.**

**од Сашо Клековски, извршен директор на МЦМС**

Почитуван г. Претседател на Република Македонија

Драги пријатели и колеги,

Имам чест и задоволство да Ве поздравам од името на НВО Саемот – Форум на граѓанското општество во Македонија, од името на Македонскиот центар за меѓународна соработка и од мое лично име.

На вториот НВО Саем – Форум на граѓанското општество во Македонија се вклучени неколку стотици граѓански организации од Македонија, а некои и од регионот. Тие претставуваат различни области и подрачја на активности. Тука се исто така претставници на државниот и приватниот сектор, како и странски и меѓународни претставници.

Пораката на вториот НВО Саем – Форум на граѓанското општество во Македонија е порака за конструктивна соработка и дијалог.

Главните актери одржуваат нестабилен и слаб дијалог, поткопуван од недостаток на волја и знаења и пред се од контрапродуктивни однесувања. Потребно е надминување на неконструктивно однесување, отсуство на респект, обвинувања, меѓу (дел од) граѓанските организации и пр. државата, полицијата и медиумите. Ова посебно се однесува на НВО и медиумите бидејќи и едните и другите се битни актери на граѓанското општество.

Веројатно до сега сите стануваме свесни дека ваквата неконструктивност е веќе блиску до деструктивност. И дека тоа ја одзема енергијата, ресурсите и времето потребни за соочување и решавање на реалните проблеми на македонското општество.

Да направиме пат за меѓусебен респект и конструктивна соработка и партнерство. Конструктивна соработка и партнерства меѓу сите актери во општеството.

Без исклучување, сите заедно. И НВО, и синдикатите, и медиумите, и црквите и верските заедници и другите актери на граѓанското општество… И општествено одговорниот приватен сектор… И државниот сектор, вклучувајќи ја и позицијата и опозицијата, и политичарите и јавната администрација.

Нашата различност е вредност, а нашето колективно искуство и експертиза ќе бидат повеќе од потребни за да се пронајдат креативни и ефикасни решенија.

Креативни и ефикасни решенија за реалните проблеми на општеството кои јавноста, граѓаните на Македонија, очекуваат да се разрешат. Стабилизирањето на мирот и безбедноста, враќањето на раселените лица, разоружувањето, развојот на намалување на сиромаштијата, владеење на правото, сузбивање на корупцијата, развој на мултикултурно општество со соодветна вклученост, демократизација/партиципација преку децентрализација, се дел од тие проблеми.

Вториот НВО Саем – Форум на граѓанското општество во Македонија со можностите за форуми и панели ќе се фокусира на практични цели и ќе бара решенија за наведените проблеми и за развој на граѓанското општество во Македонија.

НВО Саемот – Форум на граѓанското општество во Македонија е една од можностите за структуриран дијалог. Ова е можност да се сподели знаењето и да се учи еден од друг, како и да се развијат нови врски за соработка и партнерства за поголеми и побрзи резултати и влијание на општествените промени.

НВО Саемот – Форум на граѓанското општество во Македонија сам по себе е далеку од задоволување на потребите од структуриран дијалог. Сепак, тој се надоврзува на претходните зачетоци и треба да поттикне нови можности.

Духот на партнерството е во основите на организацијата на НВО Саемот – Форум на граѓанското општество во Македонија. Водечки организатори се МЦМС, ФИООМ, ИТЗ и ЦРС. Но многу други организации имаат свој придонес во организацијата, организации како што се ДЕМ, ИЦГО, ЗНМ, ЕСЕ, ЗЕЛС и други споменати и неспоменати организации.

На крајот, би сакал да им заблагодарам на сите членови на Организацискиот одбор, на Програмскиот одбор и на сите организации кои го овозможија остварувањето на овој НВО Саем – Форум на граѓанското општество во Македонија.

Посакувам успешна работа на НВО Саем – Форум на граѓанското општество во Македонија.

Сашо Клековски

МЦМС